**З А П И С Н И К**

**од 6-тата седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на 28.01.2026 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11:00 часот. Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата беа присутни сите членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Општина Валандово.

За работа на 6-тата редовна седмица, беше предложен дневен ред од 22 точки.

Почитуван градоначалник, почитувани советници, почитувани граѓани на Општина Валандово, почитувани претставници на општинската администрација, почитувани медиуми, врз основа на член 39 став 2 од Законот за локалната самоуправа, член 19 став 2 од статутот на општина Валандово и член 60 став 2 од деловодникот на советот на општина Валандово, ја свикувам шестата редовна седница на советот на општина Валандово. На денешната седница се присутни 15 советници со што констатирам дека советот може полноправно да носи одлуки. За работа на шестата редовна седница го предлагам следниот

Дневен ред:

1. Предлог - Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;
2. Предлог - Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година;
3. Предлог - Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година;
4. Предлог - Одлука за донесување на план за парцелација за нова поделба на градежните парцели: ГП 1.4.41, ГП 1.4.41, ГП 1.4.43, ГП 1.4.44, ГП 1.4.46 И ГП 1.4.47;
5. Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2025 година;
6. Предлог – Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај” Валандово за 2026 година;
7. Извештај за работата на Териториjалната противпожарна единица Валандово во 2026 година;
8. Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2025 година;

9. Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година;
10. Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година;
11. Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2025 година;
12. Предлог - Одлука за одобрување финансиска помош на Васко Ризов од с.Пирава, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во износ од 60.000 денари;
13. Предлог - Одлука за одобрување средства за финансиска поддршка на Планинарско-алпинистички клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО" Валандово за организирање на традиционален планинарски марш „По падините на Плавуш" во износ од 32.300 денари;
14. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во износ од 60.000 денари;
15. Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението за спорт фудбалски клуб „ПОБЕДА КИДС" Валандово во износ од 100.000 денари;
16. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Ударник" Пирава за реализација на активности, подмирување на тековни трошоци како и награда за постигнати резултати во претходната есенска полусезона во износ од 230.000 денари;
17. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово за реализација на активности, подмирување на тековни трошоци како и награда за постигната резултати во претходната есенска полусезона во износ од 260.000 денари;
18. Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка – месечна стипендоја на Драган Петков од с.Брајковци, Општина Валандово за постигнати резултати во спортот 12 месеци по 6.000 денари;
19. Предлог – Правилник за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „Фолк Фест" Валандово 2026 година;
20. Предлог – Решение за именување на член во заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион;
21. Предлог – Решение за разрешување и за именување на член на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај" Валандово;
22. Предлог – Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисијата за односи и соработка со други општини и за избирање на претседател и членови на Комисијата.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред. Никој не се јави за дискусија.

Предлогот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно е усвоен дневниот ред за оваа седница.

Беше отворена расправа за записникот од 5-тата редовна седница. За збор се јави Надица Недиќ и даде забелешки дека многу клучни моменти и поенти што биле кажани не биле опфатени од претходната седница и дека во иднина треба да се внимава на тоа.

Записникот од 5-тата редовна седница беше ставен на гласање и изгласан со 14 гласа ЗА и 1 воздржан.

**ТОЧКА 1**

Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 0101.2025 до 31.12.2025 година образложение даде раководителот на Одделенитео за финансиски прашаља и јавни набавки, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отварена расправа по однос на оваа точка.

Градоначалникот на општина Валандово Ѓоко Камчев зема збор. Кажа дека секогаш може да се направи подобро, рече дека како општина сме испуштиле многу можности за реализирање на поквалитетни и подобри проекти со коишто би им го олесниле животот на граѓаните во општината. Рече дека не се аплицирало на доволно проекти и дека испуштени/неискористени се 156,000 илјади евра коишто би биле на располагање за поднесување на проекти, тоа се испуштени можности за реазлизација на некој инфраструктурен проект во некои населени места каде што граѓаните газат во кал со што би им се подобрил начинот на живеење. Рече дека освен неискористенте можности посочи дека 1,435,000 денари се наменети за затворен пливачки базен во општина Валандово, наместо да се реконструира училиште во Марвинци кое е во најлоша состојба од сите основни училишта во општината. Посочи дека ќе се реконструира зградата на јавното комунално претпријатите но нема да добие многу ефикасност со самото реновирање. Рече дека претходната локална власт немала ниту идеја ниту проекти, ниту пак знаела што треба да се прави за доброто на граѓаните. Рече дека како општина сме имале можност да искористиме  над 9 милиони денари, но за жал не се искористени, а нашите граѓани имаат потреба во секое населено место од асфалтирање на улици. Рече дека општината е затекната со нула проекти, со нула техничка докумантација, што е одлика на неодговорно раководење на општината и дека како сегашен состав на советот и тој како градоначалник ќе направи се што што е можно за оваа слика да биде подобрена. Посочи дека се веќе донирани технички документации за изградба и реконструкција на улици во висина од 64,000,000 денари. За 20,000,000 денари ќе добиеме уште неколку проекти коишто ќе поминат на некои наредни седници на советот. Исто така рече дека се подготвува односно се бара начин да  се изработи техничка документација за водоводната мрежа Јосифово, Удово и Горна Маала. Рече и дека треба да се доврши и последната фаза од водоводот во Калково, проект кој по 3 пат тендерот за јавна набавка за надзор на проектот се поништува, проект кој е започнат од претходната локална власт, проект кој е финансиран од Министерството за животна средина и смета дека мора да се направат напори и да се прати ургенција до Министерството за да се направи нешто во врска со тоа. Ќе се работи  и на обезбедување на проектна документација за да можеме како општина да аплицираме на секој можен повик. Тој смета дека пред сите нас предстои период кога многу поинтензивно ќе се работи.Рече дека ни фалат технички документации за да може да реализираме проекти, но ќе мора тоа да го определиме стратешки. Рече дека не може да правиме затворен базен кој ќе не чини милион и пол денари за одржување месечно како општина, а да ги оставиме граѓаните на Калково, на Раброво, на Башибос, на Марвинци без основни услови за живеење. Тој рече дека работите нема да бидат така во неговиот мандат, мора да се пристапи стратешки и да се решаваат основните проблеми и дека е жално што за ова се зборува во 21 век. Тој посочи и дека е во контакт со одредени компании и дека ќе ни донираат одредени проекти. Рече дека како општина недоволно се полни буџетот за да може да се вратат

долговите. Кажа дека за комуналното претпријатие мора да се обезбеди со доволно механизација во рамки на нашите можности како општина. Комуналното претпријатие е голем товар бидејќи е во директна надлежност на општина Валандово. Сите останати се финансираат од државните инситуции. Голем товар е бидејќи општината веќе има потпишано договори за преземање на долговите за електична енергија во висина некаде околу 20 милиони денари бидејќи тоа индиректно е долг и на општината. Рече дека и покрај тоа што општината презела обврска да плати електрична енергија повторно е направен долг во  висина од 5 милиони денари коишто јавното комунално претпријатие не е во можност да ги сервисира. Затоа уште еднаш апелирам да граѓаните на општина Валандово да си ги плаќаат редовно сметките што ги имаат кон општината. Ќе напоменат и до приватниот сектор тие што имаат заостанати долгови кон општината да ги платат. Рече дека нема да се гледат името на фирмата, името на граѓанинот којшто должи, ќе се даде рок и ќе бидат опоменети. Доколку не биде платено, општината мора да ги примени сите инструменти коишто се на располагање. А истото ќе се направи и со јавното комунално претпријатие. Не може некој да плаќа, а некој не,  не е праведно спрема оние граѓани кои редовно си ги плаќаат своите давачки, а општина Валандово има најмали давачки во цела држава. Затоа уште еднаш еден апел до граѓаните на општина Валандово да си ги подмируваат редовно нивните обврски. Рече дека за овој краток период со тимот на надворешни советници се прават подготовки за аплицирање за меѓународни средства. Рече дека се зборувало за тоа колку ќе бидат платени надворешните советници и сакам да кажам дека тие тоа го прават од срце и сакаат вистински да помогнат на општината. Дека тоа се успешни луѓе, изградени, остварени и само сакаат да помогнат. Освен доколку нели некој од нив работи на проект за Валандово, нормално е дека ќе ја добие можноста да го менаџира тој проект. Можно е некој од нив да биде искористен и за други активности на општината, за активности што не можеме да ги покриеме ние како администрација. Морам да кажам дека задфоволен сум од администрацијата, од поголемиот дел како си ги извршуваат обврските. Мислам дека тоа е потребно да го знаат граѓаните и сметам дека заеднички сите мора да стегнеме заби и ќе поставиме темели на едно стратешко планирање и функционирање на општината. Рече дека не сака да биде сфатен дека е ова политички напад. Рече дека не може да немаме основни услови како улица, вода или канализација во некое населено место, а да градиме затворен базен. Многу поголеми општини веќе не знаат што да прават со нивните затворени базени, бидејќи давачките се милион и пол денари месечно само за функционирање на тој базен, добро е да се има, но тоа би не чинело како општина многу пари, многу во однос на нашите можности и буџет како општина. Рече дека секогаш е добро да се дискутира, да се дадат идеи, да се корегираме онаму каде што грешиме. Рече дека и тој и администрацијата, а и советниците може да погрешат некаде, но кога мислат 15 луѓе плус има поголема можност да се донесат поквалитетни одлуки. Тој рече дека овој совет е за дебатирање и за давање на идеи, да се критикува лошото па и доброто, да се поправиме таму кај што грешиме, дека сите заеднички работиме за општината и за сите граѓани во неа, без разлика дали некој е опозиција, мнозинство, вработен во администрација или па и тој што ја има функцијата градоначалник.

За реплика се јави Надица Недиќ. Таа рече дека според нејзиното видување и перцепција за асфалтирањето на улиците и елементарните потреби на граѓаните е малку поинакво. Рече дека сите сме свесни што наследи претходната власт. Барем дел од улиците да беа асфалтирани, можеби

немаше сега да бидат тема на расправа. Рече дека во изминатиот период се асфалтираа голем дел од улиците на населените места и  се надевам дека ќе се продолжи со тој континуитет и ние секогаш ќе ја поддржиме добрата работа како советничка група.

Збор зеде градоначалникот Ѓоко Камчев, побара советничката да каже конкретно во километри колку е асфалтирано. Кажа дека за време на локалната власт од 2005 до 2017 година во општина Валандово биле асфалтирани или реконструирани 80 км улици.Реконструирани се делот од оранжериите до Брајковци. Од грчките гробишта до Дедели, Валандовско брдо, рече дека барем 30% од ова да било направено од претходната власт во овие два мандати ќе било многу подобро.

За реплика се јави  Ерсан Фетиков, рече дека намерата на градоначалникот за проектите во иднина е поддржана од неа и дека сите добри намери ќе бидат изгласени од нивна страна. Но посочи и дека забележала дека тој посочил дека некои населени места немале видено механизација со години. Рече дека тоа е точно но дека тоа било до 2017 година, посочи дека таа била советник од 2017 година и дека е од Калково и потврди дека граѓаните на Калково до 2017 година немаа видено никаква механизација. Тој посочи дека градоначалникот е искусен човек, искусен политичар и дека скоро цел живот носел одлуки за граѓаните на општина Валандово, рече дека тој бил пратеник и праша зошто не направил ништо за Калково, Дедели, Башибос зошто тогаш не донел некоја механизација во тие села.Тој посочи дека од 2017 година во Калково се има направени спортско игралиште, се имаат асфалтирано улици, има мини парк, водоводната мрежа е во трета фаза. Во Казандл се има изградено ново училиште, има нови улици, рече дека до 2017 година ниедно турско село немало контејнери, не било организирано за собирање на отпадот,а претходно градоначалникот бил и директор на комунален сервис зошто тој не ги обезбедил овие работи. Рече дека кога ќе има точки за асфалтирање на улици тие ќе бидат поддржани од него.

За збор повторно се јави градоначалникот, му посочи на советникот дека нема да се натпреваруваат во тоа кој што направил, но сака да посочи дека додека тој бил претседател на совето биле обезбедени канализациски системи во повеќето населени места како Удово, Марвинци, Пирава, Јосифово исто така и втората фаза  за колекторот од Брајковци до Марвинци во износ од 565,000 евара е од мандатод кога тој бил претседател на советот. Исто така рече дека многу делови од градот се граделе после 2005 година, дека во тој период имало раст и развој на градот. Рече дека се сложува со советникот дека можело повеќе да се направи во Калково и дека е многу малко инвестирано. Рече дека не може да се споредат три со два мандати. Тој посочи дека кога бил директор на јавното комунално претпријатие тогаш имало неплатени долгови над 40 милиони денари кои биле придонеси од 5 до 20 години за пензиско и здравство.Исто така и блокирана сметка од електрична енергиа. Тој рече дека направил институција на ниво во која претходно никој не сакал да работи, а кога претходната власт дошла сите сакале да работата таму, дека тие го натрупале комуналното со премногу вработени каде што немале каде да седат. Рече дека наместо да се развивале комунални услуги се плаќале партиски војници. Тој рече дека комуналното повторно е во тешка финансиска состојба затоа што некој не си ја работел работата како што треба.Дека не се следеле одлуките на регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и дека минатата година не била регулирана цената на водата, посочи дека тоа е злоупотреба на службена должност и дека со тоа е направено

оштетување на буџетот затоа што советот не ја одредува цената. Тој рече дека имаме регулаторно тело коешто ја одредува цената на водните услуги и на комуналните услуги и секој без разлика дали е директор, дали е совет, дали е градоначалник мора да постапи по тоа. За тоа има граници од 26 до 29 за наредните три години, дадени цени од нив. Затоа советот мора да усвои цена по предлог на јавното комунално претпријатие во рамките на предлогот на регулаторна исто како што се даваат цени за нафтените деривати која е максимална и минимална цена, но за жал кај нас бензинските пумпи секогаш ја користат највисоката цена. Тој рече дека комуналното е повторно во долгови од 30 милиони, ревизиите ќе утврдат за точната бројка. Рече дека и општината е во долгови, дека санката за снег, тракторот и целата таа опрема кои се купени биле супер но грејс период е поминат и дека сега доаѓа плаќањето.

За збор се јави Надиц Недиќ, таа рече дека патиштата што ги спомна градоначалникот се регионални патишта и дека спаѓаат под надележност на државата. Рече дека намерата и била да укаже дека се работело и дека се што ќе биде бенефит за граѓаните ќе биде изгласано од нивна страна дека тие се тука за да носат добри одлуки.

За збор се јави градоначалникот, рече дека разликата е во тоа што општина Валандово 2017 беше оставена со 0 долгови, а на сметка 30 милиони на сметка, а сега со 40 милиони долгови, а 200,000 денари на сметка, рече дека таа е разликата. Рече дека ќе биде подобро од претходните 8 години.

Контра реплика од Надица Недиќ прашува дали општината е ликвидна и дали и е загрозено или не и е загрозено нејзиното функционално работење? Бидејќи цело време се слуша за долгови кои според неа се тековни. Бидејќи има одлуки за трансфери и дали тие ќе бидат исплатени, бидејќи ако нема средства нема поента да се гласат.

За збор се јави градоначалникот, рече дека се ќе биде исплатено. Рече дека и сега исплаќа одлуки од претходниот совет од негова страна. Исплатени се првачиња, средношколци. Рече дека не се исплатени многу проекти, кино салата не е исплатена, не се платени проекти за асфалтирање.Рече дека гарантира се што ќе се изгласа на овој совет се ќе биде исплатено и дека нема да има популизам.

Контра реплика Надица Недиќ, рече дека тоа сака да го знае, дека обврските редовно се сервисираат.

За збор се јави Ерсан Фетиков, тој рече дека може да се коментира се и сешто. Рече дека претходните 8 години се исплаќаше и градеше се и сешто. Рече дека кога ќе дојде време да го видиме извештајот за 2026 година ќе се види дали е така.

За збор се јави градоначалникот, тој рече дека се согласува и дека не може да градиме нешто што нема да им користи на граѓаните. Тој рече дека има разлика дали ќе се гради според стратегија или според приоритети. Ако ги гледаме проектите ќе најдеме милион забелешки. На слика се е убаво ама во практика не е. Треба сите проекти што се прават да бидат од корист на граѓаните, да бидат безбедни.

Контра реплика Ерсан Фетиков, тој рече дека градоначалникот има големо познавање и дека тој со нетрпение чека да биде изгласан извештај што ќе биде многу подобар од денешниот.

За збор се јави претседателката Марија Чурлинова, на Надица Недиќ дека обврските редовно се исплаќани и дека се тековни обврски. Рече дека не можат да бидат тековни обврски, обврски од 2023,2024,2025 година, тоа значи дека обврските не се плаќале редовно,тековни обврски не може да се третина од основниот буџет. Рече дека претходниот градоначалник не работел одговорно и плански. За паушалното плаќање, дали ќе биде зависи од одлуките што ќе се носат. На претходната седница го гласавеме новиот буџет во кој што имаме плаќање на обврски од претходните години меѓутоа ги има и подмирувањата на тековните обврски. Рече дека сите обврски ќе бидат извршени бидејќи верува дека новиот градоначалник ќе работи одговорно и навремено.

За збор се јави Надица Недиќ, рече дека сака да појасни дека намерата не и била да го направи неспособен градоначалникот туку да се појасни на граѓаните дека сите обврски ќе бидат сервисирани како и сите други обврски.

Никој друг не се јави за збор и точката број 1 беше изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 2**

Предлог - Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година образложение даде Анита Трајкова.

Никој не се јави за збор и точката број 2 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 3**

Предлог - Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година образложение даде Анита Трајкова

Никој не се јави за збор и точката број 3 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 4**

По Предлог - Одлука за донесување на план за парцелација за нова поделба на градежните парцели: ГП 1.4.41, ГП 1.4.41, ГП 1.4.43, ГП 1.4.44, ГП 1.4.46 И ГП 1.4.47 образложение даде Анита Трајкова.

Се отвори расправа и за збор се јави советникот Бранко Ѓеорѓиев. Тој го пофали претходниот состав на советот што ја донеле одлуката за урбанистичкиот план и го пофали градоначалникот што продолжуваа во истиот дух, бидејќи граѓаните на општина Валандово имаат потреба од проширување на општината и и маат потреба од изградба од нови станбени објекти.

Тој рече дека време е и Валандово да почне да се шири како што се шират и Гевгелија и Струмица.Рече дека ќе поддржат секаков урбанистички план кој ќе биде од корист за граѓаните.

За збор се јави Надица Недиќ рече дека ќе поддржат секаков план што ќе биде од корист за граѓаните на општина Валандово. Таа рече дека и претходната локална власт дала се од себе за денеска да се зборува за парелација ако не беше донесен генералниот урбанистички план после скоро 30 години.

За збор се јави градоначалникот. Тој рече дека мора да се даде точен и концизен одговор. Дека треба да се знае каде и кога почнало урбанистичкото планирање, како биле обезбедувани средства, кои се први урбанизирани средства. Рече во 2016 биле започнати сите постапки и дека тогаш биле започнати 17 урбанистички планови и генералниот план, од кои се реазлизирани само 2.Рече дека 2 плана од 17 не е баш добар напредок. Тој рече дека за тие планови се обезбедени средства од Платежната агенција-Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и за секоја помината година општината потпишува анекс договори бидејќи не се завршени. Тој рече дека едно е да се претстави во јавноста, а во реалноста е друго.

Никој друг не се јави за збор и точката број 4 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 5**

Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2025 година образложение даде директорот на културниот дом Виктор Давчев.

За збор се јави советничката Момчило Павлов. То рече дека од извештајот дека установата работела како само да е библиотека и дека ништо друго не е реализирано тој рече дека претходната локална власт многу работела во однос на културата.

За збор се јави и Данче Горѓиева. Таа се надоврза на Момчило и рече дека е срамно и жалосно што културата не се цени во Валандово. Таа посочи дека 5 месеци нема никакви значајни активности .Рече дека ова е позитивна критика за директорот за во иднинда да се заложи повеќе во однос на активностите. Рече дека тоа се многу малку реализирани активности со оглед на тоа што таму работат многу луѓе. Рече дека треба да се потрудат повеќе за да си ја заслужат платат и дека треба да се прават повеќе активности за младите и граѓаните на општина Валандово. Таа рече дека како човек кој многу ја сака културата и музиката многу е разочарана од овој извештај.

Никој друг не се јави за збор точката број 4 беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.

**ТОЧКА 6**

По Предлог – Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај" Валандово за 2026 година образложение даде директорот Виктор Давчев.

Се отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Надица Недиќ Го праша директорот дали Ликовната колонија не се одржа само поради тоа што не се одобрија средства од Министерството за култура или имало и други причини.

Директорот одговори дека поради тоа не се одржала Ликовната колонија бидејќи не добиле финансиска поддршка од Министерството за култура, тој рече дека секоја година се аплицира на истиот конкурс и дека претходната година биле одбиени но во извештајот немало образложено од која причина се одбиени туку дека имаат само 52 бодови. Тој рече дека не знаат како се добиваат тие бодови.

За збор се јави градоначалникот кој рече дека се надева дека оваа програма ќе биде дополнета со активности коишто ќе и дадат значење на културата во општина Валандово. Рече дека фестивалската сала иако е нова проблемот со греење и ладење не е решен и дека е сериозна грешка што се планира. Рече дека домот на културата ќе се реконструира со одобрените средства преку Светска банка и со тоа ќе добие енергетски ефикасна фасада. Предвидено е и загревање со пелети. Повторно посочи дека треба да има повеќе активности, како драмски секции, часови по пијано, виолина. Тој рече дека во наредните 2 месеци очекува дополнета нова програма. Рече дека и во секое населено место треба да има програма за настан, без разлика дали е театар, музички настан. Рече дека културниот и забавниот живот исто така е важен дел за граѓаните на општина на Валандово. Тој рече и дека ќе има реконструкција на културните домови во другите населени места и даде предлог да се направи модел сите како сите тие објекти да бидат под надлежност на Домот на културата и дека треба да бидеме повнимателни каде се вложуваат парите. Тој смета дека вработените во домот на културата треба да менаџираат со тие процеси со што би имале целосна поддршка од Министерството за култура и општината. Тој рече дека и блок дотациите за домот се зголемени за 3 милиони денари од 8 милиони на 11 милиони денари, со што треба да се испланира како тие средства ќе се реализираат и на кои културни настани.

За збор се јави и Момчило Павлов тој рече дека може да се збогатат музејската и ликовната дејност, и дека за нив е се планирани никакви значајни активности. Го праша и директорот дали е предвидено да се вработи археолог или ликовен уметник, посочи дека музеите во Македонија се преку 70% полни со артефакти, а Валандово кој има богата историја и има што да понуди за жал нема никаков музеј и никаква музејска поставка.

Директорот рече дека нема средства за нови вработувања, но дека оваа година во септември во пензија ќе одат 3 (тројца) со што ќе се одлободат работни места.

Никој друг не се јави за збор точката број 6 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 7**

Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2026 година образложение даде командирот на Територијалната противпожарна единица Јане Гогов.

Никој не се јави за збор и точката број 7 беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

**ТОЧКА 8**

Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2025 година образложение даде претседателот на Управен одбор Драги Горгиев.

За збор се јави советничката Надица Недиќ, таа рече дека во програмата за работа којашто претходно ја имаме изгласано беше предвиден и евидентиран проектот селектирање на отпад. Проектот беше планиран со цел унапредување на системот за управување со отпад, заштита на животната средина и усогласување со современите еколошки стандарди. Рече дека кај нив како советници пристигнуваат информации од граѓаните коишто досега редовно селектираа отпад дека во последниот период селекцијата фактички не се спроведува. Па затоа таа  сака да постави прашање и да се разјасни на сите дали проектот селектирање на отпад е укинат, дали е ставен во умирување или сеуште формално постои но не се спроведува на терен. Доколку е проектот укинат сака да добие образложение зошто е таа одлука таква донесена, иако проектот беше вклучен во официјалните програмски документи. Ако пак не е укинат сама да добие информација зошто граѓаните добиваат поинаква слика на терен и зошто нема континуитет и транспарентна информација до јавноста. Смета дека за вакво прашање од јавен интерес треба да постои одговорност и транспарентност, особено имајќи предвид дека граѓаните вложиле и време и напор во селектирањето.

За збор се јави градоначалникот, тој рече дека овој проект кој бил најавуван на големо завршило само со 6 (шест) семејства кои редовно собираат/селектираат отпад. Рече дека комуналното претрпријатие кое е во таква финансиска состојба не може тоа да го финансира. Рече дека е убава идејата за селектирање, но комуналното претпријатеи тоа не може да го прави, бидејчи има за обврска не само да го собира отпадот туку и да обезбеди превоз тој отпад да го однесе во Богородица. Се создаваат обврски, а ефект нема. Рече дека не ги потценува тие 6 семејства но дека треба да бидеме реални и да ја гледаме и финансиската страна.

Тој рече дека повеќе од две години пропуштена е можноста од менаџментот или раководството на јавното комунално претпријатие да купува електрична енергија на слободниот пазар и се снабдувала со електрична енергија како интервентна од ЕВН. Рече ако се направи математика, ако 8,1 или 2 денари е на слободниот пазар чини киловатот, интервентната цена на ЕВН е 18. Наместо долгот за електрична енергија да биде 30 милиони денари на јавното комунално претпријатие ќе беше 13 милиони денари. Рече дека две години и нешто јавното комунално претпријатие не распишало јавна набавка за набавка на електрична струја на слободниот пазар, што е голем проблем. Рече дека јавното комунално претпријтие само за делови за поправка должи 5 милиони денари.Исто така посочи дека водомер се набавува по цена од 4200 денари. Таа е набавната цена во јавната набавка, а јавното комунално претпријатие го продава по 2800 денари. Тоа треба да го знаат граѓаните.

Рече дека ќе има ревизија во јавното комунално претпријатие и ќе се види што како стојат работите, дека мора да се има принципи, мора да има знаење кај луѓето коишто водат такви сериозни институции за општината.

Тој рече дека обврските кон општината и јавните претпријатија мора граѓаните да бидат подмирени навреме. Патриотизам и сакање на општината е да си ги платис обврските спрема општината.

За збор се јави Надица Недиќ, таа рече дека се согласува дека секоја треба да си ги подмири своите обврски спрема општината. Таа рече дека во овој извештај јасно се наведени придобивките од овој проект.Таа посочи дека градоначалникот рекол дека собираат само 6(шест) семејства, тогаш зошто во извештајот стои дека во селектирањето на отпадот се вклучени 125 домаќинства и 25 државни и јавни институции и повеќе правни лица, ресторани и кафетерии. Според извештајотво текот на годината се собираат пластика 2,5 тона, хартија 3 тона, стакло 10,8 тона, електронски отпад 1,5 тон. Таа праша -Дали овие бројки не се сега точни?Се селектира или не се селектира?

За збор се јави градоначалникот, тој рече дека извештајниот период е од претходниот директор и дека управниот одбор требале да го разгледат убаво пред да го гласаат. зборувал со човекот што ја има апликацијата и рекол дека шест месеци шест семејства селектираат отпад, а тоа комуналното претпријатие го кошта годишно 100,000 денари. Тие сите бројки ако стојат во извештајот се копи пејст од некои претходни години.

За збор се јави Надица Недиќ, таа рече дека сега кога градоначалникот ја објасни реалната ситуација верува дека и затоа со проектор се престанува, со тоа што таа апелира управниот одбор повторно да го разгледа извештајот и да го гласа со нови измени и да го даде повторно на разгледување кај нив исто така и програмата, значи со нови бројки кои ја покажуваат точната фактичка состојба, ако било во план да се прекине со проектот тогаш тоа треба и да стои во самата програма. Таа рече дека пред некој нешто да потпише треба прво убаво да се прочита и разгледа.

За збор се јави градоначалникот, тој рече дека проектор не е укинат туку дека се застанува во овој момент со реализација на тој проект затоа што има само шестмина и нема резон да функционира како таков. Можеби бројките што се во извештајот биле на почетокот на претходната година. За тоа треба да го прашаме директорот што замина. Извештајот е од претходната година од директорот што замина, Треба да го повикаме и да го прашаме каква била состојбата во јануари, февруари лани. Можеби лошо работеле, можеби лошо работеле. не го собирале на време, не го носеле на време и прекинале луѓето да можеби очекувале да бидат наградени од собирањето на поени.

За реплика се јави Надица Недиќ таа рече дека градоначалник ја знае оваа информација меѓутоа директорот таму најверојатно и тој ја знае тогаш зошто се потпишува сепак на ваков извештај

За збор се јави градоначалникот тој рече дека работите во извештаите, а сликата во реалноста е сосема поинаква, дека пиаротот работите ги прави да изгледаат многу совршени, а во реалноста не се. Многу проекти кои се направени и се презенитирани како одлични всушност не се, таков е случајот со каналот во Јосифово којшто нема каде водата да истече, потоа кино салата којашто предниот дел веќе некои делови се излупени. За жали вистината боли.

За реплика се јави Надица Недиќ таа рече дека таа пред да потпише нешто прво го проверува тоа дали е точно, истото смета дека требало да го направи и управниот одбор, ако некои бројки не се точни не треба да се ставаат во извештај.

За збор се јави градоначалникот тој рече дека овој состав на управниот одбор е еден месец од годината за извештајниот период. Директорот е еден месец за извештајниот период од 12 месеци.

Извештајот е подготвен од претходниот директор и дека сегашниот не може да знае што се случувало во јануари и во февруари. Дали тој го има подготвено извештајот? Не може да го подготви. Од кај да знае директорот сегашен што се случувало 11 месеци назад? Тој рече дека се согласува со советничката дека извештајот не е добар и за тоа се заслужни нивните кадри.

За реплика се јави Надица Недиќ таа рече дека според извештајот што е пред неа состојбата е одлична, а и без ралика дали некој е на функција 1,2 или повеќе месеци тоа не значи дека треба да се потпишува се што ќе им дадат.

Никој друг не се јави за збор и точката број 9 беше ставена на гласање и со 15 ВОЗДРЖАНИ не е усвоен Извештајот за работата на ЈП „Комунален сервис" Валандово за 2025 година

**ТОЧКА 9**

Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025 година образложение даде претсравник од Општина Валандово Анита Трајкова.

Никој не се јави за збор и точката број 9 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

Се направи пауза од 10 минути.

**ТОЧКА 10**

Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година.

За збор се Перо Наков претседател на Комисијата за јавно осветлување тој рече дека помеѓу приходите и расходите имаме загуба од 6 милиони денари, што според него е многу. Тој мисли дека треба убаво да се размисли што може да се направи во иднина за таа загуба да се намали.

За збор се јави градоначалникот, тој рече дека овие се параметри од изминатата година. Со договорот за јавно приватно партнерство сметам дека општината и покрај тоа што имаше солидно добро јавно осветлување коешто денес стои во магацин а имаме изнајмени 1500 светилки за коишто општината плаќа кирија. Тоа се рати коишто општината ги плаќа на а според договорот јавно приватно партнерство со компанија од Охрид.За кој тој смета дека е многу лош договор за општиналош договор на општината.Исто така рече дека и во самото одржување на јавното осветлување не прави разлика што е обврска на општината, што е обврска на еско компанијата. Имајќи ново јавно осветлување, некој си потпишал договор за изнајмување, а тоа е јавното приватно партнерство.

Тој рече дека јавното осветлување треба секоја година да се подобрува. Затоа има извештај, има и програма за јавно осветлување. Заедно со мојот тим мислам дека успеавме да ги детектираме

сите точки за инвестиции во оваа 2026 година, односно да го подобриме јавното осветлување максимално, да секој еден граѓанин којшто плаќа такса за јавно осветлување во своите сметки за електрична енергија да добива да добива улично осветлување онакво какво што треба. Тој рече дека договорот го има разгледано со ескооператорот и ќе се разгледат можности тој да биде раскинат без правни последици бедејќи смета дека тој договор не е добар за општината.

Никој друг не се јави за збор и точката број 10 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 11**

Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2025 година образложение за оваа точка даде заменик командирот на полициската станица од општа надлежност на Валандово на Комисијата за општествени дејности.

Никој не се јави за збор и точката број 11 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 12**

Предлог - Одлука за одобрување финансиска помош на Васко Ризов од с.Пирава, Општина Валандово за покривање на трошоци за лекување во износ од 60.000 денари.

Никој не се јави за збор и точката број 12 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 13**

Предлог - Одлука за одобрување средства за финансиска поддршка на Планинарско-алпинистички клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО" Валандово за организирање на традиционален планинарски марш „По падините на Плавуш" во износ од 32.300 денари.

Никој не се јави за збор и точката број 13 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 14**

Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Училишен спортски клуб Валандово за реализација на програмски активности во износ од 60.000 денари.

За збор се јави градоначалникот Ѓоко Камчев тој рече дека по иницијатива Училишниот спортски клуб од Валандово ќе се направи нов формат за ученици од основните училишта за турнири од мал фудбан или футсал од регионот.Секоја општина ќе донесе дополнителна одлука на совет за финансирање на тие активности по 80,000 денари. Прво ќе има натпревари на ниво на општина, па потоа ќе се поделат 10 општини по 5 во две групи. Ќе се одржуваат натпревари секој со секој. Ова се предвидува да се одржи крајот на мај почетокот на јуни месец во Валандово.Тој рече дека како градоначалник ќе ги поддржи овие активности на спортските клубови.

Исто така рече дека со вработените од општинската администарација и спортските работници ќе се изработи Правилник врз основа на кој ќе се определуваат висината на средствата за клубовите и здруженијата.

Никој друг не се јави за збор и точката број 14 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 15**

Предлог - Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружението за спорт фудбалски клуб „ПОБЕДА КИДС" Валандово во износ од 100.000 денари.

Никој не се јави за збор и точката број 15 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 16**

Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Ударник" Пирава за реализација на активности, подмирување на тековни трошоци како и награда за постигнати резултати во претходната есенска полусезона во износ од 230.000 денари.

За збор се јави советникот Крсте Тодоров рече дека сака да биде изземен од гласање бидејќи е во Управниот одбор на клубот и дека обавува повеќе функции во клубот.

Никој друг не се јави за збор и точката број 16 беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

**ТОЧКА 17**

Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово за реализација на активности, подмирување на тековни трошоци како и награда за постигната резултати во претходната есенска полусезона во износ од 260.000 денари.

Никој не се јави за збор и точката број 17 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 18**

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка – месечна стипендоја на Драган Петков од с.Брајковци, Општина Валандово за постигнати резултати во спортот 12 месеци по 6.000 денари.

Никој не се јави за збор и точката број 18 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 19**

Предлог – Правилник за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „Фолк Фест” Валандово 2026 година.

За збор се јави градоначалникот, тој рече дека оваа година е 40-тото издание на Фолк Фест Валандово и рече дека се надева дека што помалку пари ќе се издвојуваат од буџетската сметка, а поголемиот дел ќе се обезбедува преку самиот фестивал, преку самото име и со одредени проекти.

Тој рече дека како фестивалски град во преговори сме со фестивалски град во Шпанија и Португалија и дека заеднички ќе учествуваме во меѓународни проекти и обезбедуваме средства. Тоа е процес за кој треба време но без разлика на тоа ќе се аплицира секаде каде што би имале можност.

Тој посочи и дека како фестивал кој има дадено над 1200 народни песни без коишто не може да се замисли народната музика недозволиво е да нема приходи , а да има само расходи. Тој рече дека мора да се направи да самиот фестивал се самофинансира но и да заработува. Рече и дека е почнат процес за линк преку кој ќе може од странство кој сака за одредена цена да слуша песни од фестивалот, со што тоа би било поддршка на најстариот фестивал во Македонија, на поддршка на македонската изворна музика. Односно со тоа да се направи кампања за да се привлечат повеќе луѓе. Тој исто така рече дека во план е да се направи и музеј на Фолк Фест Валандово во форма на холограм. Тој рече дека неговата визија за Фолк Фест Валандово е да го направи фестивалот да се самофинансира, да може самиот фестивал да заработува, но и дека тоа е процес и дека се надева дека барем делумно ќе успее да го реализира.

Негова идеја е и фестивалот да не биде за време на викенд туку сред недела. Тој рече дека за викенд пејачите не се слободни, дека ако сакаме да го кренеме нивото мора да се донесат познати имиња од македонската народна музика. Рече дека секоја таква традиционална манифестација, без разлика каде во општината се одржува, треба да си ја негуваме, да си ја поддржуваме и сите заеднички да се обидеме да дадеме идеја како тоа да го подобриме секоја година. Тој даде предлог предфестивалска вечер да се одржи во вторник, а финалната вечер да биде во среда, затоа што преку викенд пејачите се зафатени со обврски. За точната дате рече треба да се направи договор со МРТВ и да се види кои дати ќе одговараат. За предфестивалската вечер рече дека подобро е да се пеат песни од Фолк Фест, и дека тоа нема допирна точка со забавна музика. Рече дека е во преговори со 6-7 познати пеачи кои ќе пеат хитовски песни од фестивалот, одприлика 25-30 песни што се белег на фестивалот. А за забавната музика рече дека заеднички со општината и домот на културата ќе се потрудат да се организираат повече манифестации во секое населено место.

За збор се јави советникот Бранко Георгиев, тој посочи да се обрни внимание на фактот дека во периодот кога е Фолк Фест Валандово во ист период се и матурските вечери, така да да се обрни внимение да не бидат во исти денови.

Никој друг не се јави за збор и точката број 19 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 20**

Предлог – Решение за именување на член во заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион образложение даде претседателот на Комисијата за мандатсни прашања Мартин Мишков.

За збор се јави градоначалникот, рече дека станува збор за заедничка комисија за меѓуопштинска соработка како регион којшто треба да има единствена туристичка понуда. Станува збор за повардарскиот регион во друг контекст, не како Вардарски плански регион, туку од Велес до Гевгелија со Богданци и Дојран. Дојран е плус во ова тело затоа што е туристичко место и целта на овој проект е да имаме заедничка туристичка понуда. Проектот е финансиран преку Европската Унија и тој смета дека како општина можеме да добиеме некои проекти за општината од туристички аспект

Никој друг не се јави за збор и точката број 20 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 21**

По Предлог – Решение за разрешување и за именување на член на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај" Валандово образложение даде претседателот на Комисијата за мандатсни прашања Мартин Мишков.

Никој не се јави за збор и точката број 21 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**ТОЧКА 22**

По Предлог – Одлука за измена на Одлуката за формирање на Комисијата за односи и соработка со други општини и за избирање на претседател и членови на Комисијата образложение даде Мартин Мишков.

Никој не се јави за збор и точката број 22 беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

**Поставување на советнички прашања**

Советникот Ерсан постави праѓање до градоначалникот – Дали ќе има помош/иницијатива односно средба со некој од Министерството за земјоделие во врска со цената на зелката, или пак да се даде некоја субвенција?

Градоначалникот рече дека ќе стапи во контакт и дека ќе биде нешто договорено.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар<br>Д.Петковска

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Марија Чурлинова